Тимот на Центарот за поддршка ќе обезбеди доверлив разговор, советување и насока за понатамошна поддршка.

## Каде можете да пријавите насилство?

Доколку се соочувате со насилство или сте сведок на насилство, можете да се обратите до следните институции:

- Полиција – 192
- Центар за социјална работа – Делчево
- ЈЗУ „Гоце Делчев“
- Јавно обвинителство – Делчево

Пријавувањето на насилството е важен чекор за ваша заштита и безбедност.

## Запомнете:

- Насилството не е ваша вина.
- Имате право на заштита и поддршка.
- Постојат луѓе и институции кои можат да ви помогнат.
- Побарајте помош – не сте сами.

# НЕ МОЛЧИ
# НЕ СИ САМА
# ПОБАРАЈ ПОДДРШКА

## КОНТАКТ:


**ТЕЛ:**

070 441 718

**Е-ПОШТА**

ozdelcevo@gmail.com

**ВЕБСТРАНА**

www.zena.org.mk



Оваа активност е дел од проектот „Центар за помош и поддршка на жени, девојки и маргинализирани групи, вклучително и ЛГБТИ лица – жртви на насилство“ финансиран од Европската Унија, а имплементиран од ХЕРА – Асоцијација за истражување и здравствена едукација и Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ Маргини. Содржината на овој документ е единствена одговорност на Организација ЖЕНА – Делчево, и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.


Организација ЖЕНА Делчево

# НЕ СТЕ САМИ

## ПОДДРШКАТА Е ТУКА



**Центар за помош и поддршка на жени, девојки и маргинализирани групи, вклучително и ЛГБТИ заедницата – жртви на насилство**

# ШТО Е

## ЦЕНТАР ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖЕНИ, ДЕВОЈКИ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ, ВКЛУЧИТЕЛНО И ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА – ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО

Центарот обезбедува психолошка поддршка и правна помош за жени, девојки и лица од маргинализирани групи, вклучително и ЛГБТИ заедницата кои се соочуваат со насилство, дискриминација или социјална исклученост.

Центарот е достапен за советување, информирање и упатување до соодветни институции, со цел жртвите навремено да добијат поддршка и заштита.

Нашата цел е секој човек кој се соочува со насилство да знае дека не е сам/а и дека постојат механизми за помош и заштита.




## КАКВА ПОДДРШКА МОЖЕТЕ ДА ДОБИЕТЕ?

**Психолошка поддршка**

- разговор со стручно лице
- поддршка за справување со стрес, страв и траума

**Правна поддршка**

- информации за вашите права
- советување за постапки при пријава на насилство
- упатување до институции и правни механизми за заштита

**Социјална поддршка**

- информации за достапни услуги во заедницата
- посредување и упатување до институции
- помош при пристап до социјални услуги

## КОЈ МОЖЕ ДА ЈА КОРИСТИ ОВАА УСЛУГА?

Поддршката е наменета за:

- жени и девојки кои се соочуваат со насилство и дискриминација.
- лица од маргинализирани групи.
- ЛГБТИ заедницата која трпи насилство или дискриминација.
- лица кои имаат потреба од советување и насока за помош.

**Сите услуги се доверливи и бесплатни.**

Доколку се наоѓате во ситуација на насилство:

- Обидете се да разговарате со лице на кое му верувате.
- Побарајте помош од стручни служби или институции.